**20161263175**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 6.7.2016 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1 Со оваа уредба се уредува постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање, корисниците, висината на поддршката, условите за складирање, потребната документација, видот и квалитетот на пченицата од домашно производство и на други земјоделски производи за кои согласно член 37 од Законот за земјоделство и рурален развој се однесуваат интервенциските мерки.

Член 2 Финансиската поддршка за складирање се доделува за покривање на дел од трошоците за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба предадени на складирање во складиштар.

Член 3 Финансиската поддршка за складирање во складиштар на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба се однесува за складирање за период од најмалку два, а најмногу шест месеци.

Член 4 Корисници на финансиската поддршка за складирање се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои претходно имаат поднесено барање за директни плаќања по обработлива земјоделска површина согласно годишната Програма за финансиската поддршка во земјоделството и кои имаат:

- склучено договор за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба кои тие ги произвеле и
- платено 20% од трошоците за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба.

Корисниците на финансиската поддршка за складирање покрај условите од став 1 на овој член, во случај на земјоделски производ - пченица од домашно производство на која се однесуваат интервенциските мерки согласно член 37 од Законот за земјоделство и рурален развој, треба да има и складирано најмногу до 3 500 тони пченица за остварени приноси најмногу до четири тони по хектар од пријавените земјишни капацитети од барањето за директни плаќања.

Член 5 Финансиската поддршка за складирање
на земјоделските производи од член 1 на оваа
уредба изнесува 80% од трошоците за складирање и чување изразени преку цената на услугата за складирање за тие земјоделски производи.

За земјоделскиот производ - пченица од домашно производство на која се однесуваат интервенциските мерки согласно член 37 од Законот за земјоделство и рурален развој, цената на услугата за складирање може да изнесува најмногу до 60 денари по тон за месец.

Член 6 Корисниците на финансиската поддршка
до Агенцијата за финансиска поддршка во
земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата) за земјоделските производи од член 1 на оваа уредба поднесуваат барање за финансиска поддршка за складирање, кон кое се приложува следнава документација:

- договор за складирање кој најмалку ги вклучува податоците за: цената за извршената услуга за складиштење со пресметан данок на додадена вредност, квалитет на земјоделскиот производ и времетраење на складирањето;
- потврда издадена од складиштарот за примена и ускладиштена количина на земјоделскиот производ и
- извештај за квалитет на земјоделскиот производ од страна на овластена лабораторија.

Средствата за финансиската поддршка од член 5 на оваа уредба, за име и за сметка на корисникот на финансиската поддршка се исплаќаат директно на складиштарот од страна на Агенцијата, по претходно поднесени податоци за:

- име и презиме на корисникот на финансиската поддршка за складирање на земјоделски производи,
- единствен матичен број на корисникот на финансиската поддршка за складирање на земјоделски производи,
- ИДБР на земјоделското стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства,
- состојба на залихите за секој корисник на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи одделно,
- единечна цена на извршена услуга за складиштење и
- потврда за наплатени 20% од цената за извршената услуга за складиштење за секој корисник одделно.

Податоците од став 2 на овој член се поднесуваат до Агенцијата секој втор месец кој опфаќа период за исплата за два месеци.

Член 7 Земјоделските производи од член 1 на
оваа уредба треба да се складирани во
складиштар кој е упишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи согласно Законот за земјоделство и рурален развој и е давател на комерцијална услуга за складирање.

Член 8 Земјоделските производи од член 1 на
оваа уредба треба да ги исполнуваат стандардите
и нормативите согласно прописите за квалитет за тие производи.

Член 9 Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5431/1
6 јули 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.